РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за заштита на личните податоци

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
ул. „Самоилова“ бр.10, 1000 Скопје; тел: +389 2 3230 635; факс. +389 2 3230 635;

www.dzlp.mk

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ И ОБРАБОТУВАЧИ ЗА 2012 ГОДИНА

**Бр. 02-2052/1**
**15.12. 2011 година**

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 14 и член 41-а од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ И ОБРАБОТУВАЧИ ЗА 2012 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата) покрај надзорната функција над законитоста во обработката на личните податоци, во Република Македонија има и превентивна улога со промовирањето на правото за заштитата на личните податоци преку подигнувањето на јавната свест со обезбедување на обуки за контролорите и обработувачите.

Заради успешна имплементација на законските решенија за заштита на личните податоци и подзаконските акти од страна на контролорите и обработувачите Дирекцијата ја подготви оваа програма за 2012 година со која ќе бидат опфатени клучните сектори. Како составен дел на оваа програма е и Прегледот за обуки планирани за 2012 година и другите акти поврзани со имплементацијата на обуките.

Дополнително во рамките на програмските определби за едуцираност на контролорите и обработувачите Дирекцијата ќе врши и посебни обуки според барана програма од одделни контролори и обработувачи.

## II. ЦЕЛИ

Со спроведување на оваа програма ќе се остварат следните цели:

- примена на прописите за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите;
- подобрување на состојбите со евидентирање на збирките со личните податоци во Централниот регистар на збирки со личните податоци (во натамошниот текст: Централниот регистар) и нивно ажурирање;
- поефикасно извршување на работните задачи и усовршување на вештините на офицерот за заштитата на личните податоци и другите овластени лица кај контролорите и обработувачите;
- обезбедување на повисоко ниво на заштитата на личните податоци на физичките лица и
- подигање на културата за заштитата на личните податоци.

## III. АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД ОБУКИ

Тргнувајќи од обврската да врши обуки за заинтересираните контролори и обработувачи Дирекцијата изврши проценка кои обуки се приоритетни и за кои области врз основа на анализата на состојбите во однос на:

-регистрираниот број на контролори и збирки со лични податоци во Централниот регистар;

- утврдени повреди од инспекциските надзори по области;

- промените во законската и подзаконската регулатива за заштитата на личните податоци и во одделните специфични области.

## IV. ВИДОВИ НА ОБУКИ И ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Заради задоволување на потребите од обуки на контролорите и обработувачите и подигање на нивото на заштитата на личните податоци во Република Македонија, Дирекцијата обезбеди услови во текот на 2012 година да се реализираат следните видови на обуки:

1. Генерички/општи обуки
2. Специјализирани обуки и
3. Посебни обуки според барана програма од контролорите и обработувачите

- ***ГЕНЕРИЧКИ/ОПШТИ ОБУКИ –по модули***

Модул: 1 Законски основи и право на Европската унија;
Модул: 2 Обврски на контролорот и обработувачот
Модул: 3 Централен регистар и офицер за заштита на лични податоци

Генеричките обуки се спроведуваат пред спроведувањето на секоја од специјализираните обуки.

- ***СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ – по модули***

Модул: 1 - Образование
Модул: 2 - Здравство;
Модул: 3 - Медиуми;
Модул: 4 - Финансии, банкарство, инвестициски фондови и берзи;
Модул: 5 - Работни односи, вработување посредување при вработување, безбедност и здравје при работа;
Модул: 6 - Телекомуникации;
Модул: 7 - Пензиски фодови;
Модул: 8 - Јавна администрација;
Модул: 9 - Социјална заштита;
Модул: 10 -Економија;
Модул: 11 - Правосудство;
Модул: 12 - Осигурување;
Модул: 13 - Обезбедување на лица и имот;
Модул: 14 - Туризам и угостителство;
Модул: 15 - Државна управа и
Модул: 16 - Локална самоуправа

Специјализираните обуки се спроведуваат ако за соодветниот модул се пријават минимум 10 (десет) учесници. Максималниот број на учесници е утврден на 20 учесника, а за пријавените над овој број ќе се организира друга обука со истите модули откако ќе се исполни условот од 10 (десет) пријавени учесници за обука.

- **ПОСЕБНИ ОБУКИ СПОРЕД БАРАНА ПРОГРАМА ОД КОНТРОЛОР И ОБРАБОТУВАЧ**

Посебните обуки се спроведуваат за еден или повеќе контролори или обработувачи според барана посебна програма. Бројот на учесниците на посебната обука се договара меѓу контролорот и Дирекцијата.

## V. ТРОШОЦИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБУКА

Согласно член 41 став 2 од Законот за заштита на личните податоци трошоците за обуките утврдени со оваа програма паѓаат на товар на контролорите, односно на обработувачите, освен буџетските корисници.

Висината на трошоците за обуките се утврдени во Одлуката за определување на висината на трошоци за вршење обука на заинтересирани контролори и обработувачи бр.02-1396/1 од 08.11.2010 година, која што е објавена на веб страницата на Дирекцијата: www.dzlp.mk.

## VI. ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ОБУКА

Пријавувањето за обука се врши согласно одредбите од Упатството за начинот на организирање и спроведување на обуки за контролори и обработувачи, кое што е објавено на веб страницата на Дирекцијата www.dzlp.mk

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма ќе се објави на веб страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци (www.dzlp.mk), а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на личните податоци
СКОПЈЕ

## ПРЕГЛЕД НА ОБУКИ ЗА КОНТРОЛОРИ И ОБРАБОТУВАЧИ ЗА 2012 ГОДИНА

| Ред. бр. | Вид на обука и модули | Теми кои ќе бидат опфатени со обуката | Целна група | Организатор на обуките | Број на учесници | Период на одржување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | **ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ** | | | | | |
| | **Модул 1: Законски основи и право на Европска унија** | ✓Законот за заштита на личните податоци<br>✓Директиви, одлуки и судска практика на ЕУ,<br>✓Конвевција 108/81 со дополнителен протокол на Совет на Европа,<br>✓Обработка на личните податоци (начела на обработка, давање, пренос во други држави);<br>✓ Обработка на посебните категории личните податоци и ЕМБГ | Се спроведува за секоја целна група на датата од соодветниот модул од специјализира-ната обука | ДЗЛП | 10-20 | тековно |
| | **Модул 2: Обврски на контролорот** | ✓Обезбедување технички и организациски мерки за заштита на обработката на личните податоци;<br>✓ Обезбедување на правата на граѓаните,<br>✓ Инспекциски надзор и постапки;<br>✓ Право на информирање на субјектот на личните податоци | | | | |
| | **Модул 3 Централен регистар и офицер за заштитата на лични податоци** | ✓ Централен регистар на збирки на лични податоци<br>✓Определување на офицер за заштитата на личните податоци<br>✓ Надлежности на офицерот за заштитата на личните податоци | | | | |
| II | **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ** | | | | | |
| | **Модул: 1 Образование** | -Законски прописи (Закон за евиденции од областа на трудот, Законите за основно | Наставен персонал и | ДЗЛП | 10-20 | Прв квартал |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | средно и високо образование, Закон за работни односи);<br>- Педагошки евиденции и документации во образованието<br>-Видео надзор;<br>-Практична примена на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;<br>-Давање на личните податоци на користење | администрација | | | |
| | **Модул: 2 Здравство** | -Законски прописи (Законот за здравствена заштита, Закон за здравстено осигурување, Закон за евиденции од обласста на здравството, Закон за заштита на правата на пациентите);<br>- Евиденции (на пациенти, болни од рак, вработени, и други);<br>-Видео надзор;<br>-Практична примена на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;<br>-Давање на личните податоци на користење | Област здравство (примарно, секундарно, заводи, клиники и др) од јавниот и приватен сектор | ДЗЛП | 10-20 | Прв квартал |
| | **Модул:3 Медиуми** | -Право на информираност на субјектот на личните податоци;<br>- Објавување на личните податоци во ТВ медумите и печатените медиуми;<br>- Проценка на јавен интерес за објавување на личните податоци;<br>-Практична примена на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци; | МРТВ и приватните национални и локални телевизии и кабловски оператори, МИА и печатените медиуми | ДЗЛП | 10-20 | Втор квартал |
| | **Модул: 4 Финансии, банкарство,** | -Законски прописи (Закон за банки;Закон за кредитно биро; Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам; Закон за | Банки, штедилници, фондот за | ДЗЛП | 10-20 | Прв квартал |